**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

_______ ______ . ________

Ур.Бр. 03-12

Скопје 12.09.201вг.

**Предмет: Одговор на Претставка**

Почитувана,

Врз основа на Вашата Претставка (наш бр. 03-12 од 24.08.2018 година), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги изврши вонреден надзор на изданијата на програмскиот блок „Мода" со Сергеј Варошлија емитувани на 30 мај, на 20 јуни и на 01 август 2018 година, во програмскиот појас „Студио 1" на трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ од Скопје.

Во анализираните изданија на „Мода" со Сергеј Варошлија констатирано е прекршување на програмското начело за вршење на дејноста од член 61 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги: негување и развој на хуманите и моралните вредности на човекот и заштита на приватноста и достоинството на личноста.

Извештајот од надзорот е достапен на веб-страницата на Агенцијата.

За наодите од надзорот е известен и радиодифузерот, кој треба да ја усогласи работата со Законот, односно да води сметка за почитувањето на програмските стандарди и принципи кои се предуслов за вршење радиодифузна дејност.

Во Вашата Претставка, исто така, барате да посочиме начин како да се заштитат оштетените граѓани од неовластено користење на личните податоци. Ве известуваме дека ова е во надлежност на Дирекцијата за заштита на личните податоци. Што се однесува до евентуални навреди, оштетените граѓани имаат право да побараат објавување одговор и исправка според Законот за медиуми или да покренат граѓанска постапка пред надлежниот суд, според Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

------------------------------------------

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Палата Панко Брашнаров
ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел.+ 389 2 3103 400

www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009